**20120200611**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7, а во врска со член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011 и 53/2011г. ), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 10 октомври 2011, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите („Сл.Весник бр. 48/2001, 52/2001, 17/2005, 47/2005, 86/2007, 102/2007, 151/2007, 9/2009, 22/2009, 65/2010, 95/2011 – пречистен текст), член 4 се менува и гласи:

„Осигуреното лице учествува во вкупните трошоци на здравствените услуги во специјалистичко - консултативна и болничка здравствена заштита, согласно со утврдените референтни цени и тоа:

1. За здравствени услуги во специјалистичко – консултативната и болничката здравствена заштита,

До 100,00 денари........................................................ -
Од 101,00 до 300,00 денари ................................20,00
Од 301,00 до 500,00 денари .............................. 40,00
Од 501,00 до 700,00 денари .............................. 60,00
Од 701,00 до 1.000,00 денари .............................80,00
Од 1.001,00 до 2.000,00 денари ........................150,00
Од 2.001,00 до 3.000,00 денари ....................1. 250,00
Од 3.001,00 до 4.000,00 денари ........................350,00
Од 4.001,00 до 5.000,00 денари ....................... 450,00
Од 5.001,00 до 6.000,00 денари ........................550,00
Од 6.001,00 до 8.000,00 денари ........................700,00
Од 8.001,00 до 10.000,00 денари ......................900,00
Од 10.001,00 до 15.000,00 денари ....................250,00
Од 15.001,00 до 20.000,00 денари .................1.700,00
Од 20.001,00 до 25.000,00 денари .................2.200,00
Од 25.001,00 до 30.000,00 денари .................2.700,00
Од 30.001,00 до 35.000,00 денари .................3.200,00
Од 35.001,00 до 40.000,00 денари ................ 3.700,00
Од 40.001,00 до 45.000,00 денари .................4.200,00
Од 45.001,00 до 50.000,00 денари ................ 4.700,00
Од 50.001, 00 до 55.000,00 денари ...............5.200,00
Од 55.001,00 до 60.000,00 денари .................5.700,00
Над 60.000денари ..........................................6.000,00

2. За здравствени услуги во геронтолошки заводи по болнички ден .........................10,00

3. За рехабилитација како продолжено болничко лекување во специјализирана установа-по болнички ден ..........................................................................................200,00

4. Лабораториски услуги (биохемиски и микробиолошки анализи).......................20% од утврдената референтна цена“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1.3.2012 година.

Број 02-15600/4
10 октомври 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Јован Грповски,** с.р.